


# Посетете ја веб-страницата на ЕСМ

**www.ejn-crimjust.europa.eu**
Веб-страницата на ЕСМ е едношалтерски систем за информации во областа на судската соработка во кривичните работи. Исто така обезбедува обемно поле со алатки за практичарите, вклучително и:

- **Атлас**
  да се најде компетентен орган до кој ќе се упати барање;
- **Компендиум**
  да се подготви барање онлајн;
- **Fiches Belges**
  да се најдат основни правни и практични информации што се однесува до процедуралните и истражните мерки во секоја земја-членка на ЕУ;
- **Судска Библиотека**
  да се најдат сеопфатни информации во врска со ЕУ и меѓународните правни инструменти.

EUROPEAN JUDICIAL NETWORK
Connecting Justice

**Секретаријатот на ЕСМ**
Јохан Де Витлан 9 · 2517 JP Хаг · Холандија
Факс: +31 (0) 70 412 5570
Е-пошта: ejn@eurojust.europa.eu

# ЕСМ

## Европска Судска Мрежа

**Поврзување на Правдата**

EUROPEAN JUDICIAL NETWORK
Connecting Justice

www.ejn-crimjust.europa.eu

# Што е ECM?



ECM е мрежа од национални контакт точки-обвинители, судии, претставници на министерствата за правда, и органи за спроведување на закон-чија главна задача е да ја олесни меѓународната судска соработка во кривични работи. Функционални од 1998 година, контактните точки на ECM се препознаваат како суштински центар за овозможување судска соработка во нивните земји, бидејќи бројот на евидентирани случаи во периодот помеѓу 2010 и 2020 надмина 90 000.
Администрацијата, функционирањето и континуитетот на ECM се обезбедени од Секретаријатот на ECM.

# Побарајте од ECM да ви помогне:

- идентификува и воспоставува директни контакти со надлешни локални органи во друга земја-членка за да испрати барање;
- за пронаоѓање детали за контакт на органите низ ЕУ и ширум светот;
- за поврзување со странски колеги за правни совети за правилен пристап кон судската соработка во кривични работи;
- за добивање правни и практични информации за судската соработка;
- за проучување на најсеопфатните информации во врска со правните инструменти на ЕУ за судска соработка, вклучувајќи и судска постапка.

# ECM и олеснување на соработката

- Контактните точки на ECMидентификуваат и воспоставуваат директни контакти помеѓу органите низ ЕУ и обезбедуваат правни и практични информации за судската соработка.
- ECM им овозможува на практичарите да остварат контакт со нивните колеги од целиот свет.
- ECM одржува безбедни телекомуникациски врски за поддршка на оперативната работа на контакт точките.
- ECM претставува форум за дискусија на практични и правни проблеми што се соочуваат во контекст на судската соработка:
  - *да се подобри практичната примена на правните инструменти*
  - *да се изгради меѓусебна доверба помеѓу Земјите-членки*
  - *да го пренесат мислењето на практичарите до одговорните институции на ЕУ.*



# ECM и експерти за вмрежување



- ECM одржува пет состаноци на ниво на ЕУ годишно, овозможувајќи им на практичарите да се запознаат меѓусебно, да воспостават професионални односи и да се справат со барањата за судска соработка на лице место.
- ECM ги олеснува заедничките приоди кон судската соработка помеѓу претставниците на различните правни системи.
- ECM овозможува финансиска и организациска поддршка за регионални и национални состаноци на ECM.



# ECM и проширување на знаењето

- ECM организира:
  - *обука на јазици, вклучувајќи суштински теми за судска соработка*
  - *работилници за практичари на практична примена на правните инструменти.*
- ECM обезбедува јавен пристап до целосниот каталог на правните инструменти во ЕУ, релеватна судска постапка и придружни инструменти.